Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦКА-ПХВ
KKA-PVH



# МАЛИ ПРОЕКТИ 2023

# ВОВЕД

*И повторно нова брошура во која се содржани описи на 151 мал проект, изработен во 2023 година. Проектите се изработени од страна на 1 059 млади од сите градови. Тие добија едукација, направиле истражување за целните групи и нивните потреби и се фатиле за работа. Смениле квалитет на животот на 4 609 лица. Но, се смениле и самите себеси, иако можеби и не се свесни за тоа, но ние, „возрасните во оваа програма“, тоа го знаеме. Секоја година имаме нова генерација на млади ентузијасти кои ги поместуваат границите, и личните и тимските. Со дел од нив остануваме во комуникација и го гледаме нивниот пат. Голем дел од нив остануваат волонтери во Црвениот крст, некои во други организации, но засекогаш се задоени со волонтирање. Наоѓаат начини како да останат волонтери, како да помагаат во компаниите каде работат, во заедниците каде живеат, да бидат примери и двигатели...Тие не престануваат да ја практикуваат и промовираат добрината.*

*Следните страни се токму за добрина, за тимската работа, за начините на кои може да се надминат проблемите и предизвиците, за променетите животи на целните групи кои младите ги избрале, но и за нив самите! Следните страни се за ПХВ хероите! За оние вистинските кои живеат помеѓу нас!*

*Уживајте во читањето!*

## 1. ООЦК Штип - Интерактивно еко катче „Сонце“

Групата младинци иницирале низа активности за собирање финансиски средства и градежни донации за уредување на задниот двор од ООУ „Ванчо Прке“ во Штип. Преку различни активности како: креирање, печатење и продавање боенка со теми за хуманост, организирање работилница за изработка на велигденски декорации каде се вклучиле учениците, наставниците и родителите, реализирање велигденски друштвени игри на плоштадот “Слобода” каде учениците играле игри, боеле, но и се дружеле собрале финансиски средства. Со собраните средства и преку донации, младинците во соработка со техничката служба од училиштето го уредиле катчето (изработиле клупа од гума, го реновирале малото бунарче, го средиле зеленилото, направиле кастрење, остранување на дивите дрва и треви).

## 2. ООЦК Штип - Подари среќа, подари надеж

По консултација со локалниот Центар за социјални работи, тимот одлучил да помогне на самохрана мајка која боледува од повеќе болести и која живее само со нејзиниот син кој е со лесна интелектуална попреченост. На првата средба што ја имале со семејството, разбрале дека мајката не е во можност да работи и заради нејзината здравствена состојба, но и заради синот, и дека поради тоа се во многу тешка финансиска состојба, а особено се плашат пред да дојде зимата дали ќе имаат средства за дрва. Поради тоа, тимот одлучува да собере средства за лекарства и за дрва за престојната зима. Младите организирале турнир во мал фудбал и хуманитарен концерт. Од средствата успеваат да купат дрва и лекови, а исто така од шумското претпријатие добиваат бесплатен превоз за дрвата до домот на семејството. Дополнително добиле донација караоке машина за детето со која учесниците имаат направено забава во училиштето во кое детето учи.

## 3. ООЦК Штип- Чувари на културната ризница

Младинците од Штип одлучиле да изработат проект од обласа интеркултурна акција. Во обемно истражување за утврдување на целта на нивната интеркултурна акција, младинците утврдиле дека за сплотување на младите, но и на сите други во градот е важно да ги промовираат културните вредности на нивната средина преку изготвување на етно брошура и подготовка и изведба на претстава на штипски дијалект. Организираат завршен настан на кој ја презентираат брошурата и ја изведуваат претставата, а успеале на настанот да обезбедат присуство на градски хор, традиционални пејачи и играорци. Настанот бил организиран во Домот на културата во Штип.

## 4. ООЦК Струга - Buzëqeshjet e ëmbla (Слатки насмевки)

Младинците дефинирале цел да обезбедат прехранбени производи за најмалку еден месец за 40 семејства, од кои најголемото 11 члено семејство, додека 8 семејства имаат член со посебни потреби. За да ги соберат потребни средства, волонтерите собрале 5.800 денари од прва собирна акција и 4.200 денари од втората собирна акција, организирале концерт со талентирани пејачи и бендови од Охрид и изработиле флаер за промоција којшто го продавале.

## 5. ООЦК Струга - Lule për të gjithë

Младинците имале за цел да реализираат еколошки проект. Направиле истражување и одлучиле дека ќе го уредат дворот на училиштето "Браќа Миладиновци" во Струга, каде учат околу 1200 ученици во три наставни јазици: македонски, албански и турски. Волонтерите беа поттикнати да го уредат токму дворот на училиштето бидејќи тоа е местото каде учениците најчесто го поминуваат слободното време и се дружат.

За таа цел, младинците организирале натпревар во одбојка помеѓу две средни училишта во Струга и тоа, гимназијата "Др. Ибрахим Темо" и "Нико Нестор". Од натпреварот се собрале 3.000 денари со кои младите купиле 30 садници/цвеќиња кои волонтерите ги засадиле во дворот.

## 6. ООЦК Струга - Vizitë javore në qendrën për fëmijë me nevoja të vecanta (Неделни посети во Центарот за деца со посебни потреби)

Младинците си поставуваат за цел да им помогнат на децата со посебни потреби преку социјализација во рамки на училиштето "Браќа Миладиновци". Организирале 15 работилници со децата со посебни потреби, со различна содржина, односно преку игра, смеа и едукативни содржини поминуваа време со децата со попреченост и се дружат со нив. Работилниците носат радост и насмевки за децата.

## 7. ООЦК Струга - Ndryshe por të barabartë

Младинците биле поттикнати да изработат проект за Центарот за лица со посебни потреби, откако на настан во училиштето "Др. Ибрахим Темо" се запознале со корисниците. На 14 март, волонтерите го посетиле Центарот за да утврдат кои се нивните потреби. За остварување на целта младинците организирале филмска вечер во Центарот за култура, каде е прикажан филмот "EnolaHolmes". Од продажбата на картите собрале 20.860 денари, со кои купиле прибор од книжарата "Пилот" (2 пакети за училиштето "Браќа Миладиновци" во вредност од 3.600 денари и еден голем пакет за Центарот за деца со посебни потреби во вредност од 6.560 денари). Освен пакетите, младинците поминале време заедно со корисниците на Центарот за лица со посебни потреби. Со останатите средства, волонтерите помогнале на петчлено семејство во социјален ризик, каде таткото има повредена нога, мајката е на дијализа, додека едното дете е со болест на бубрезите.

## 8. ООЦК Струга - Посебноста во различностите

Овој проект е работен со поддршка на двајцата дисеминатори кои дале поддршка на младите на промоција на културата и меѓусебно разбирање. Младите направиле креативна работилница по повод празникот Летник, како и Велгден, каде ги презентирале своите култури. Изработени се и презентациите кои беа презентирани од страна на учениците во училиштето на класните часови. Заедно организирале и концерт на кој преку песна, музика, носија и храна се обиделе меѓусебно да се запознаат и доближат.

## 9. ООЦК Струга - Грижа, поддршка, благодарност

Младинците сакајќи да поминат убаво исполнето време со децата со попреченост од Центарот за поддршка при ООУ “Браќа Миладиновци” – Струга и Центарот за лица со индивидуални образовни потреби (“CARE FOR DISABLED KIDS”), најпрво организирале прошетка крај езерото каде играле игри. Потоа имале и ден кога со нив решавале математички задачи и учеле. За денот на шегата имале креативна работилница и изработувале маски, а на крај организирале парада за денот на аутизам. Тој ден, после маширањето покрај кејот со сини балони, во Домот на култура во Струга имале забавни активности и игри, во траење од 5 часа. На 8 Март-Денот на жената, заедно со други волонтери од организацијата Црвен Крст, купиле цветови и чоколади на кои ставиле мотивациони пораки, и истите ги поделиле на интерното одделение и одделот за хирургија во болницата во Струга.

## 10. ООЦК Струга - Едукацијата прв чекор на превенција

Волонтерите имале за цел, преку креативни работилници за околу 100 ученици, да им помогнат да се стекнат со знаења за важни теми, како екологијата, здравјето и превенција на насилството. На креативините работилници учествувале ученици од СОУ Гимназија „Д-р Ибрахим Темо“ – Струга, учениците од ОУ „Јосип Броз Тито“ – Струга. Преку дискусија и критично размислување, учениците се охрабриле да пријавуваат секаков вид на насилство и да се грижат за себе.

## 11. ООЦК Струга - Екологисти

Целта на проектот било да се исчистат плажите во градот Струга. Младинците својата цел ја реализирале преку собирање на ракавици, вреќи за отпад и средства за чистење и потоа ги исчистиле просториите на струшките плажи. Истовремено младинците имале за цел да ја подигнат еко-свеста на граѓаните преку реализирање на 2 едукативни презентации за значењето на био диверзитетот на нашата планета и колку е важна еко-свеста. Исто така, на младите им се обратила повозрасна жена која побарала помош за чистење на нејзиниот дом бидејќи немала кој да се грижи за нејзе, по што и помогнале.

## 12. ООЦК Струга - Хуманоста не наградува

Во Струга, еден од проектите на младите од ЦКА-ПХВ бил посветен да се помогне на младиот Бојан, самохран татко на кој му се потребни средства за операција во Рим. Тие се вклучиле во парадата за поддршка на децата со аутизам и на истата организираат собирна акција, потоа направиле штанд со рачни изработки од самите младинци и организирале неколку собирни акции на кои ги продавале рачните изработки. Собраните средства од собирните акции (11 180 денари) биле донирани на Бојан, за да ги олеснат барем малку трошоците за неговата операција. Дополнително, дружејќи се со дечињата со аутизам, сакајќи да ги израдуваат, тие со дополнителни средства (3 680 денари), им купиле пакетчиња со боенки, фломастери, водени боички, ножички, лепак и други слични материјали.

## 13. ООЦК Струга - Сите за Бојан

Младинците дале поддршка за анимирање на граѓаните за посетеност на веќе организиран хуманитарен настан за помош на 24 годишниот Бојан на кого му се потребни финансиски средства за оперативен зафат на црниот дроб во Италија. Овој тим имал за цел да продадат што е можно повеќе карти за настанот, да постават промотивни постери и да овозможат добар тек на настанот.

## 14. ООЦК Ресен- Трите пеперутки

ПХВ младинците имале цел да ја поттикнат толеранцијата и соживотот меѓу најмладите во Ресен. За да ја остварат таа цел, младите спремиле куклена претстава за три пеперутки, кои симболично ги претставувале трите јазици кои го зборуваат граѓаните во Ресен: македонски, албански и турски. Низ претставата пеперутките си помагале, испраќале порака на љубов, пријателство и помош. Околу 160 деца на возраст од 6 години од најголемите групи во детската градинка и нивните воспитачи ја примиле оваа порака. Текстот, куклите, сценариото е дело на младинците од оваа група.

## 15. ООЦК Ресен- Олд ис кул

Младинците за овој проект имале идеја да одржат 2 едукативни работилници за нивните врсници да се запознаат со старите обичаи, игри и убавината на Ресен. Преку спроведување на анкети тие дознале дека младите не се многу информирани за историјата на градот па тие почнале да планираат за нивните активности и преку игри и приказни во 2 работилници тие успеале да ги прошират знаењата на нивните врсници.

## 16. ООЦК Ресен - Надеж

Мултикултурната димензија во Ресен со активности за спознавање на различните култури и вери, верски обичаи, уметнички достигнувања и учество на такви можности и достигнувања е цел на тимот. Промовирале и реализирале активности кои го потврдуваат наведеното: изложба со 60 уметнички дела; врсничка едукација на тема „Културите околу нас„; креативна работилница за бојадисување црвени јајца за Велигден- „Да го нашареме светот заедно„; конкурс за поезија; соработка со КУД и посета на 20 младинци на изложба на традиционална ресенска носија; анкетен прашалник на социјалните мрежи со соодветни прашања од мултикултурализмот, штанд за црвени јајца за јавноста за Велигден и, делење на урми и чајни колачиња за Рамазан Бајрам.

## 17. ООЦК Ресен - Заедно за почиста природа

Основна цел на младинците од оваа група било подобрување на изгледот и функционалноста на училиштето ООУ„Славејко Арсов“ од Ресен преку ЦКА-ПХВ програмата. Теренот за фудбал бил исполнет со ѓубре и отпад кој го спречувал редовното користење на теренот, па младите започнале прво со активност за чистење на теренот. За да бидат сигурни дека нема да се повтори истото и да на-

прават уште поубава зелена слика во нивното училиште тие засадиле цвеќиња низ целиот училишен двор. Преземајќи активна улога во грижата и одржувањето на нивното училиште, учениците научија да ја ценат напорната работа што се прави за одржување на чист и убав простор во заедницата.

## 18. ООЦК Чаир- Гнездото на надежта -Foleja e shpresës

Целта на младинците од Чаир вклучени во реализација на проектот е помагање на трочлено семејство каде неодамна починал таткото. Биле собрани 55 615 денари, со кои се купени: правосмукалка, блендер, фрижидер, шпорет, машина за миење садови, прехранбени продукти. Акциите за собирање на потребните финансиски средства  се направени преку фирми и граѓани, но и преку креативна работилница со изработка на ракотворби кои беа изложувани и продавани.

## 19. ООЦК Чаир- Хуманоста нема граници

Целта на оваа група младинци била да помогне на семејство составено од баба која се грижи за 4 внуци, а нема никакви услови за живот. Со хуманитарен натпревар во фудбал, собирни акции во училиште, тимот успеал да собере облека и финансии за да купи шпорет и машина за перење бидејќи тоа им било најпотребно.

## 20. ООЦК Чаир - Невини насмевки

Целта на младинците со овој проект им било бојадисување и чистење на куќа на петчлено семејство (баба, самохран парализиран татко и 3 мали дечиња). Тие исто така обезбедиле прехранбени и хигиенски средства и прошетка во Зоолошка градина за најмладите. Паричните средства за реализација на целта младинците ги обезбедиле преку турнири во фудбал и кошарка и преку собирни акции во две училишта. Во овој проект се вклучиле многу млади и преку спортски активности, но и преку собирни акции.

## 21. ООЦК Чаир - Подади рака

Трочленото социјално загрозено семејство од општина Чаир за своето детенце добило училишен прибор и таблет којшто му бил неопходен за непречно учење, но и шпорет за целото семејство. Младите од ООЦК Чаир, за да можат да му го обезбедат истото, организирале Велигденски хепенинг во ОУ „ Климент Охридски“, а потоа тие изработки биле продавани на неколку собирни акции во училиштето и во нивната општина. Дополнително, тие организирале и собирна акција за храна и хигиенски средства кои се однесени на семејството.

## 22. ООЦК Чаир - Разновидоста е таа која ја дава убавината

Извонредна интеркултурна компилација и интеракција на тимот и 12 ученици во проектните активности на млади, ученици и ПХВ волонтери од различна националност - Македонци, Албанци, Босанци и различна вера- православна и муслиманска, со различни работни, креативни, уметнички и забавни активности. Тимот

и учесниците од ООУ „Исмаил Ќемали„ , СЕПУТС „Арсени Јовков„ и СУГС „Зеф Љуш Марку„ , организирале: две креативни работилници за изработка на накити и различни уметнички творби со мотиви од различните култури; концерт со заедничко учество и игри и песни од различните култури; работилница за изработка на велигденски украси и украси за рамазан бајрам; две собирни акции, при што собраните пари, покрај за потребите на проектните активности, дадени се и за други проекти и тимови.

## 23. ООЦК Чаир - Сади цвеќе, изгради пријателство- Mbjell nje lule krijo nje mik

Целта на проектот било уредување и чистење на паркот пред школото "Лириа" и "Панајот Гиновски". Од друга ПХВ група се донирани 3 450 ден, со кои се купени 79 цвеќиња кои се насадени во двата паркови пред самите училишта. Групата на младинци е мешана од различни заедници и основна цел на групата е меѓусебно дружење. На крајот на активностите реализирана била и еколошка обука за учениците од двете училишта.

## 24. ООЦК Велес - Амос и петте херои

Целта на овој проект била подобрена социјализацијата на Амос , 8 годишен ученик од ООУ „Панко Брашнаров" од Велес, кој е одличен ученик, но поради лошата финансиска состојба на семејството е повлечен, некомуникативен и дури трпи булинг во училиштето. Групата младинци преку организирање разни активности за дружење и забава за Амос како: гледање филм, дружење со врсници, запознавање и помагање во учењето со Мухамед – корисник од друг ПХВ проект, учество во украсување велигденски јајца и посета на велигденски штанд, посета во неговиот дом за празникот Бајрам, успеале да го поттикнат да почне да комуницира на училиште, да помине моменти за паметење, прв пат да гледа претстава. Младите успеале да соберат 2 000 денари со што му купиле книга со поучни приказни, количка на далечински управувач, фудбалска топка и друштвена игра.

## 25. ООЦК Велес - Заедно посилни

Младите одлучиле да организираат активности преку кои ќе поттикнат меѓуетничка интеракција на учениците од ОУ „Димката Ангелов Габерот„ од Ваташа, и ќе градат можности за заеднички настапи и посилна и интегрирана иднина во заедницата. Ова значело вклучување на ромското население во заедницата и размена на традиции, обичаи и култури со заеднички настапи и планирање. Со учениците Роми тие организираат 4 работилници: суштината на Велигден и фарбање велигденски јајца со запознавање и за Рамазан Бајрам; со ученици од 1 одделение боење и цртање на верски мотиви, различни култури, обичаи и традиции и разговор за зедништво; пеење заедно песни „Македонско девојче„ и „Едерлези„. Постигнати се позитивни ефекти, дружење, и договор за натамошни заеднички активности и настапи.

## 26. ООЦК Велес- Насмевка

Преку овој проект младите од Велес одлучиле да го насмеат малиот Мухамед којшто живее сам со татко му и со себе носи голема тага поради напуштањето од страна на неговата мајка. Младите се друже ле со Мухамед 2 пати неделно, заедно вапцувале јајца, реализирале работилница на која се изработувани цртежи на тема Велигден и сето тоа е продавано на штанд. Одржале една хуманитарна забава и со собраните финансиски средства тие му купиле на Мухамед тротинет и лего коцки со што ја исполниле својата цел.

## 27. ООЦК Велес - Никола и веселата дружина

Хуманата величина на тимот е насочена кон малиот осумгодишен Никола и неговата самохрана мајка од Велес, кои живеат со мала социјална помош и во тешка состојба и можности за живот и школување на Никола. Мајката е во тешка здравствена состојба. Тимот ја согледува тешката состојба на мајката и осумгодишниот Никола, ги утврдуваат потребите на Никола со голема желба за патики/копачки за фудбал и се организираат за активности за помош и дружење со Никола. Набавуваат маса и столици од донатор; оддржуваат работилница за изработка на честитки за 8 март и штанд за продавање; штанд по повод денот на пролетта; прошетки со Никола во парк и заедно играње фодбал,организирање хуманитарен турнир во одбојка; проекција на филм за Никола. Со собраните финансиски средства тие набавиле копачки и патики за Никола и храна за него и неговата мајка.

## 28. ООЦК Велес - Она што го чуваме не чува и нас

Младите од Велес воочуваат дека нивната животната средина се соочува со сериозни еколошки предизвици кои го загрозуваат нивното здравје, благосостојба и квалитетот на животот. Сакајќи да го истакнат проблемот пред нивните сограѓани и да ги поттикнат да работат на истиот, тие превземале повеќе активности за подигнување на свеста на граѓаните за одржување на чиста животна средина. Најнапред тие организрале штанд за екологија со игри и квизови и делеле флаери, потоа организирале Еколошко дефиле со волонтерите, нивните соученици и професори. За крај, организирале работилница за екологија со учениците од нивното училиште.

## 29. ООЦК Велес - Сите сме ѕвезди на истото небо

Промоцијата на хуманитарни вредности како една од мисиите на Црвениот крст, преточена во соработка и дружба помеѓу волонтерите од Црвен крст Велес со учениците од ООУ„Св.Кирил и Методиј”-Велес и учениците од подрачното училиште во с. Црквино, како поттик за разбивање на стереотипите кон децата од исламска вероисповед. Преку едукативни работилници во кои преку презентации, проучување на традицијата и обичаите, како и играње на друштвени игри во мешовити тимови се постигнало зближување, сплотување и другарства помеѓу децата од различни вери и култури.

## 30. ООЦК Гевгелија- Во ритам на хуманост

Целта на младите било изготвување посебна маса за играта „Шоу даун“, игра наменета за лица со оштетен вид, со цел да се овозможи заедничка игра за сите на еднакво ниво. Масата и реквизитите за играта биле изработени и наменети за лицата од Здружението за слепи лица од Гевгелија. Групата младинци преку организирање концертна рок вечер и работилница за украсување велигденски јајца, успеале да соберат 11.500 денари. Истите ги искористиле за изработка на маса за играта за слепи лица и озвучување за концертот. Исто така тие самите изработиле топчиња со монистри, специјални за играта за слепи лица, бидејќи кога се игра со нив тие „ѕвонат“ и така слепите лица може да ја играат играта. Играта може да ја играат и типични лица, но со врзани очи.

## 31. ООЦК Гевгелија - Детска радост

Овој тим имал за цел да купи биро за 7 годишно девојче од с. Мрзенци. Тимот организирал 5 работилници за изработка на украсни кошнички и 1 работилница за торбици од рециклирани материјали, а потоа изготвиле и 4 игри за деца. Сите работи се продавале, а со игрите за деца организирале и забавен парк за деца и млади. Со своите активности привлекувале внимание на жителите на градот, што придонело за нив да праша фудбалскиот репрезентативец Т. Костадинов, кој се согласил да им донира и дополнителни финансиски средства за да му обезбедат на девојчето мебел за целата соба. Конечниот резултат е целосно опремена соба со килим, полица за книги, биро, стол, ламба, и слика за ѕид.

## 32. ООЦК Гевгелија- Садиме иднина

Целта на овој проект била да се подигне свеста за важноста на одржување на циклусот на трошење и садење дрвја. Младите направиле истражување за причините поради кои шумата исчезнува, па потоа во соработка со извидничкиот одред направиле пошумување со 100 борови садници. За да испратат порака до населението, на 1 април дефилирале по градот во маски и изведувале драматизација на тема сечење на шумите. Младите рециклирале стара хартија и со примеси семе од локално неинвазивно растение изработиле нова хартија која ја засадиле во нивните дворови. За цело време соработувале со извидничкиот одред, се дружеле и организирале заеднички пикник.

## 33. ООЦК Гевгелија - Свет без дискриминација

Младинците преку реализација на овој проект сакале да ги уредат етничките катчиња кои постоеле во нивните училишта, но биле запуштени. Целта им била и надминување на предрасудите и културолошките бариери кон одредени етнички групи во нивната средина. Тие реализирале и едукативна работилница на која се разговарало за различности и нивното прифаќање и организирале ликовен и поетски конкурс на истата тема.

## 34. ООЦК Гевгелија - Светот е за сите нас

Младите реализирале 4 куклени претстави за деца од градинките во Гевгелија прикажувајќи им ги разликите во животинскиот свет преку различностите на боите на пеперутките, предвесници на пролетта во нашиот крај. Исто така претставите ги оддржале и во населените места од околината. Потоа спровеле и креативни работилници со децата за боење на пеперутки. Идејата им биле да се прикажат различностите кај луѓето преку животните кои малите деца ги знаат.

## 35. ООЦК Прилеп - Гемата

Целта на оваа група млади било делумно реновирање и уредување на дел од куќата во која живее 8 годишниот Петар и неговиот татко во селото Врбјани (прилепско), како и набавка на нови електрични уреди кои се неопходни во секојдневниот живот, снабдување на семејството со прехранбени производи за две недели и облека. Сето тоа го оствариле преку органзирање турнир во футсал, стенд ап комедија, донации и работна акција на самите младинци.

## 36. ООЦК Прилеп - Единство

Целта на младите било преку интеркултурните акции да ги сплотат децата од турска и македонска етничка припадност. Преку квиз и презентација на факти за македонската и турската заедница, тие успеале да ги запознаат учениците од 3-те средни училишта повеќе со културите во нивните училишта. Потоа, основното училиште „Блаже Конески“ ги повикало младите да ја организираат истата активност. За крај тие организирале уште една активност во СОУ „Ристе Ристески - Ричко“ – Прилеп и тоа активност во која после часовите учениците се собрале, слушале и пееле македонски и турски песни при што поминале прекрасно и драгоцено време заедно.

## 37. ООЦК Прилеп - Пауза

Расфрланите велосипеди по парковите и тротоарите во центарот на Прилеп биле поттик ПХВ младинците да изработат паркинг за 10 велосипеди. Паркингот го поставиле во близина на ООЦК Прилеп, но исто така во близина на парковите каде се движат млади. За да го обезбедат потребниот материјал за изработка, младите организирале натпревар во одбојка и собрале доволно средства за да ја реализираат активноста.

## 38. ООЦК Прилеп - Пуканки

Со овој проект ПХВ волонтерите од Прилеп сакале да донесат среќа и радост во дневниот центар за лица со попреченост Ѕуница, да се дружат и да им помогнат на лицата со попреченост. Младите го посетиле Центарот неколку пати, со корисниците гледале филмови и заедно јаделе пуканки. На последната посета, преку донација обезбедиле апарат за пуканки и пченка за пуканки, и им ги подариле на корисниците на центарот.

## 39. ООЦК Прилеп - Чипигово

Тимот одлучил да помогне на човек кој живее сам во с. Чипигово, а останал без ништо затоа што ја продал куќата и сè што имале за да плати лекување на сопругата. Тој се обидувал да изгради куќа во с. Чипигово, но немал доволно средства, поради што тимот се обидел преку донации да обезбеди дополнителни средства. Преку донација тие обезбедиле: 1000 цигли, 1 палета цемент, 12 m3 песок, 5кг/7ки шајки, 7кг/16ки шајки, 30 шипки железо, 14 греди, 1 m3 штици со што му ја олесниле целата ситуација.

## 40. ООЦК Гостивар - Еко свест

Целта на проектот е организирање на еколошки акции за чистење на паркот покрај кејот на река Вардар во Гостивар, но и организирање на 8 работилници со децата од градинката – Сонце, во паралелки на македонски и албански јазик. Работилниците се организирани од самите младинци, во координација со наставниците од градинката. Работилниците биле многу креативни, со разни игри поврзани со рециклирање, садење цвеќиња и други еколошки теми. После тоа саделе зеленчуци во стакленикот во основнот училиште "Гоце Делчев".

## 41. ООЦК Гостивар- Без предрасуди

Младите ПХВ волонтери за овој проект поставиле цел да им овозможат пријатен престој во Дневниот центар за лица со посебни потреби „Заедно можеме" на корисниците. Тоа го оствариле преку обезбедување на апарат за чистење со пареа (парен чистач). Со користење на овој апарат, 20 корисници на дневниот центар ќе поминуваат квалитетно време во почисти простории. ПХВ младинците за да обезбедат финансии направиле 2 креативни работилници со корисниците од центарот и изработките ги продавале на штанд.

## 42. ООЦК Гостивар - детска радост без граница

Тимот имал за цел да обезбеди принтер и лектири за ОУ "Единство". Тие реализирале креативна работилница за изработка на првоаприлски маски и ги продаваат; креативна работилница за бојадисување на црвени јајца за велигден од страна на ученици од ОУ "Гоце Делчев" во Гостивар; дводневен базар за продавање на велигденски јајца; обука за правилен однос и пристап кон социјаните мрежи и избор на она што се нуди, за добар и позитивен ефект и однесување во средината за околу 500 ученици од три ОУ во Гостивар. Со собраните средтства тие ја исполниле својата цел.

## 43. ООЦК Гостивар -Подари среќа

Станува збор за социјално загрозено семејство коешто очекува новороденче. Лошите услови за живеење и немањето ни шпорет за готвење храна ги поттикнува младите да им помогнат. Младинците со нивниот проект сакале да обезбедат топла храна за семејството, бидејќи со купување на шпорет, тие веќе не мора да ја јадат сувата храна секојдневно. Потребните финансиски средства младинците ги обезбедиле преку организирање на хуманитарен концерт.

## 44. ООЦК Гостивар - Работи смело, дарувај со дело

Целта на младите е да им се помогне на четиричлено семејство од Гостивар кое е социјално загрозено, преку донирање таблет и два училишни ранци со училишни материјали. Групата младинци за да ја постигнат целта најпрво организирала базар со продавање приготвена храна, потоа втор базар со продажба на приготвени слатки и лимонада и вкупно собрале 4046 денари. Добиле донација 3000 од фирмата Лука компјутери. Со сите средства купиле таблет за двете деца од социјално загрозено семејство од Гостивар, со мајка која се изборила со рак на дојка. Потоа младинците добиле донација од книжара од два училишни ранци со боенки, моливи и фломастери.

## 45. ООЦК Гостивар - Operacioni koha (Операција време)

Целта на проектот е поставување на часовник во центарот на градот. Младинците направиле повеќе собирни акции со анимирање на голем дел од заедницата во градот со што се собрани 10 000 денари. Со нив била изработена челична конструкција за часовникот, купен е часовник и самите тие со помош од мајстор го поставиле часовникот во центарот на градот во паркот пред Општина Гостивар.

## 46. ООЦК Гостивар - Rrotat e ndryshimit (тркалата на промената)

Целта на проектот била помош на 2 социјално загрозени семејства со купување на машина за перење за едното семејство, и микробранова печка за другото. Средства биле собрани со организирање на фудбалски турнир во школото. Со собраните 29 560 ден биле купени машина за перење и микропечка. Исто така како втор, неповрзан дел од активностите, се изработка на 4 мали куќарки за книги во основните училишта и Центарот за педијатрија во болницата. Куќарките биле изработени од самите младинци, додека материјалот и книгите во нив се донирани од локални библиотеки.

## 47. ООЦК Гостивар - Сите сме еднакви

Целта на тимот е меѓусебно дружење на млади од различна етничка припадност, но со заедничка цел обезбедување играчки и принтер за Дневниот центар за лица со попреченост преку различни активности. Најпрво организирале натпревари во фудбал и одбојка, и во писмена форма побарале од средните училишта да им состават тимови со ученици од различни националности. Самите креирале постери и пофалници и ги распоределе по училиштата. Бидејќи имале време, а и желба за реализација на уште неколку активности, организирале и филмска проекција, која исто така била посетена од млади од различни националности, а на која се прибирале финансиски средства со кои обезбедиле едукативни играчки за едно училиште и принтер за Дневниот центар за лица со попреченост.

## 48. ООЦК Тетово - Еко генерација

Целта на учесниците е преку повеќе активности да ја подигнат свеста на луѓето за здрава и чиста околина. Учесниците процениле дека во паркот е потребно да

стават клупи и корпи, и со соодветна дозвола може да ги поставаат истите. За да соберат пари за реализација на активноста, тие продавале вода и сокчиња на штанд во паркот.

## 49. ООЦК Тетово - Направи добро дело, израдувај семејство цело

Младинците од овој проект имале за цел да помогнат на тричлено семјство од село Копанце – тетовско. Тие преку донации обезбедиле гардероба, храна и лекови за таткото и двете малолетни деца. Сета помош потоа биле уредно спакувана и доставена до семејството. Младите биле дел од тимот кој ја доставил помошта.

## 50. ООЦК Тетово - подај рака

Младите во Тетово, покрај многу други активности во Црвен крст, овој проект решиле да го посветат на многудетното семејство од Сиричино. Иако многу работи недостасувале за подобар живот на децата од семејството, тие процениле дека сè може да биде овозможено, но за правилен развој на децата многу е важно да се обезбедат некои играчки. За таа цел младите организирале собирен штанд на кој продавале сокчиња и води обезбедени како спонзорство и на крајот со собраните средства тие обезбедиле топки и други играчки за децата.

## 51. ООЦК Тетово - Заедно можеме сè

Целта на проектот е помош на многудетно семејство и обезбедување на играчки за децата. Биле организирани собирни акции преку кои се собрале средства за купување на играчи за децата. Но, исто така се реализирале средба со друштвото Хрвати во Тетово. На средбата се читала поезија и се презентирала културата и за самото друштво. Проектот има културолошка компонента, бидејќи младите имале можност да се запознаат со други култури, да се запознаат со нивните обичаи и јазикот.

## 52. ООЦК Тетово - Altruist

Младинците си поставуваат цел да ги подобрат условите во Одделот за педијатрија во Болницата во Тетово, каде дневно се прегледуваат 40 деца. Освен децата, корисници на проектот на индиректен начин се и педијатрите, медицинскиот персонал и родителите, кои после подобрените услови немаат потреба да ги носат децата на приватни клиники. Волонтерите организирале филмска вечер и го прикажуваат филмот "Red Notice", организирале кафуле на отворено на Градски плоштад, настан на отворено за деца со маскоти. Успеале да соберат вкупно 94.800 денари (33.155 денари собрани од филмската вечер, 52.645 денари од тридневното отворање на кафулето на отворено и 9.000 денари од настанот за децата). Со средствата волонтерите купиле 5 инхалатори, 2 ваги за деца, завеси, бои за кречење, јоргани, постелнини, тапети итн. Тие учествувале во подготовки и реновирањето на просторот.

## 53. ООЦК Тетово - Misioni i shpreses

Целта на проектот е помош на трочлено семејство Ф., со самохрана мајка. Таткото починал пред извесно време. Младинците помагале со донирање градежни материјали во вид на цигли, ќерамиди, даски за подконструкција, челик за арматура итн. Тимот направил и тридневно чистење на куќата која била дел под урнатини. Реализирана била и собирна акција со продавање на слатки изработени од нив во центарот на градот. Собрани биле вкупно 12 000 денари со кои е покриен транспортот на отпад од куќата. Исто така имаат поднесено иницијатива за легализација на земјиштето на куќата, после што имаат добиено позитивно мислење од општината и земјиштето е успешно запишано во АКН. Младите посредувале и со пријава во полиција за заштита на семејството од роднина кој им правел проблеми поврзани со правото на куќата и финансии.

## 54. ООЦК Тетово - О2

Целта на проектот е набавка на 2 концентратори за кислород, што се потребни за 2 пациенти болни од лупус – болест од која пациентите имаат проблеми со дишење. Пациентите треба да доаѓаат во болница и да ги користат апаратите што се во болница, додека со преносни апарати тие може цело време да ги користат апаратите. Со креативни работилници се изработени ракотворби и слатки кои се продадени, при што се собрани 7000 денари, додека останатиот дел од парите (вкупно потребни средства – 69 000 ден за 2 апарати), се донирани од донатор. Апаратите се набавани и предадени на пациентите, со договор дека кога нема да се користат ќе се вратат во сопственост на Црвен крст, за да ги користат други пациенти.

## 55. ООЦК Тетово- Unik (Уникатен)

Целта на проектот е социјализација со децата од Дневен центар за церебрална парализа, аутизам и други ментални болести. Младинците се советувале со дефектолог за да направат план на активностите, и да научат како да се социјализираат со корисниците во центарот. Направиле вкупно 5 работилници при што цртале, учеле азбука, организирале прошетки, игри и дружење. Реализирани биле и мали обуки за нивните соученици во средното училиште исто и во основното училиште и градинка.

## 56. ООЦК Тетово - Forca qëndron në dallimet tona ( Силата е во нашите различности)

Целта на проектот е едукација на младите за различностите, да научат за меѓусебните празници и јазици. Поттикнати од заедничката песна која е авторска на ООЦК, младинците организирале работилници на кои учеле за меѓусебните празници. На работилниците учествувале 20 младинци од првата година од македонска и албанска настава и одржале 7 наставни работилници. Другата активност била промоција на различни јазици низ градот, каде младинците ги застанувале случајните минувачи и ги информирале како се поздравувањата на локалните јазици: албански, македонски, турски и ромски и им поделиле флаери со пораки за тоа што е хуманост.

## 57. ООЦК Струмица – Далеку, а блиску

Целта на младите е организирање концерт, на кој младинци од различни националности ги прикажале своите модни креации, дел од нив глумеле по дадено сценарио, а дел пееле караоке. Целта на овој настан била да се покаже дека сите сме исти, без разлика на националност, пол, вера. На настанот присуствувала бројна публика меѓу кои родители, наставници и голем број на соученици.

## 58. ООЦК Струмица - Зракот на иднината

Со цел да се помогне на млада личност која е вредна и талентирана, младинците собираат финансиски средства преку турнир во фудбал и кошарка и преку трка за дечиња од претшколска возраст. Потоа уплатиле курс за изучување на академија за поправка на хардвер на компјутери, за дете кое е препознаено во училиштето како талентирано, со што помогнале за градење на неговата иднина, како и за неговото семејство.

## 59. ООЦК Струмица - Некому шанса подари и желба оствари

Целта на овој проект била поставување на рампа за лица кои се во количка, за колички за мали деца, за велосипедисти...За оваа цел, групата на млади ентузијасти реализирале три велигденски работилници на кои преку продажба собрале дел од средствата. Исто така организирале и Вело трка на која голем број граѓани земале учество. Со сите собрани средства направи се две рампи кои на жал потоа се тргнати бидејќи имало поплаки од страна на лицата кои живеат на тој потег. Младите и претставниците од Општинската организација веќе се во преговори за поставување на рампа на друго место и друг корисник.

## 60. ООЦК Струмица - Секој заслужува кров над глава

Целта на овој проект е да се оплемени домот на 49 годишната Петра, која живее сама од социјална помош во селото Сушица, боледува од карцином и оди на хемотерапија. Младинците планирале да ја реновираат куќата. За да обезбедат дел од средствата, младинците организирале проекции на детски филмови. Со помош на локалната заедница и градежни фирми, поправките на куќата ќе бидат завршено наскоро.

## 61. ООЦК Виница - Еквивалентни

Младинците сакајќи да овозможат услови за запознавање на различните култури во нивната општина, како и почитување на разликите не само меѓу етникумите туку и на лицата со посебни потреби, организирале креативна работилница со лицата со посебни потреби од Дневниот центар по повод 8 Март. Рачно изработиле букети со цвеќиња од салфети и честитки, напишани на сите јазици кои се говорат во општината. Потоа организирале настан за дегустација на турска и македонска традиционална храна, и промоција на народни носии и музика од двете националности, на плоштад. Турскиот чај за настанот го приготвувале заедно во ЦК Виница, а целиот настан бил во соработка со Ромско маало и Домот на

културата во Виница. На настанот имале народни носии и традиционални песни на различни јазици.

### 62. ООЦК Виница - Кога владеат надежи не постојат падежи

Преку овој проект овозможена  е помош на двајца млади браќа од с. Градец- Виница,на возраст од 16 и 19 години, без родители, кои живеат од мала помош на својот чичко, во неповолна социјална состојба. Во нивната куќа вградени се четири нови внатрешни врати, купен е шпорет, храна и потребни други продукти, во вредност од 42.500ден. За да се обезбедат овие финансиски средства тимот организирал: изработка на палачинки и шеќерни јаболки кои ги продавале на празнични денови (Тодорова сабота, 1 Април, Велигден), одржана била куклена претстава, фудбалски натпревар во ВМФЛ за хуманитарната цел, забава со шест диџеи, проекција на филм.

### 63. ООЦК Виница - Надежно сонце

Целта на овој проект е обезбедување фрижидер, шпорет, облека и средства за хигиена за двочлено семејство мајка и син. Младинците за остварување на целта организирале натпревар во кошарка и хуманитарна забава, преку кои ги обезбедиле финансиските средства. Голем број на лица биле дел од овој проект со цел да ја поддржат мајката и синот.

### 64. ООЦК Виница -Подари насмевка

Младите од Виница, сакајќи да помогнат на еден социјално загрозен брачен пар кои дополнително се во неповолна ситуација земјаќи го во предвид нивниот инвалидитет, организираат трка на крос мотори. Во договор со локалната полиција тие ги спроведуваат моторџиите од плоштадот до патеката, односно ги придружуваат учесниците низ градот, се до местото каде што веќе започнува шумата, а таму започнува и нивната трката. Со собраните средства од учество, купиле средства за лична хигена, прехранбени производи и шкафче со фиоки за семејството.

### 65. ООЦК Виница - Хумани срца

Тимот на хуманите срца од Виница, одлучува и успешно оранизира и реализира активности за обезбедување неопходни потреби за семејство во социјален ризик, татко-самохран родител, две деца и баба, кои живеат во тешки услови и со повремена мала плата на таткото, мајка изолирана во психијатриска медицинска установа и децата ученици. Организирале активности за обезбедување на финансиски средства, креирале и продавале честитки за 8 март, организирале интересен интерактивен „Велигденски лов на јаца„, културно-спортски настан „Сите на тркалца„, турнир во фудбал, продажба на сладолед по што обезбедиле: таблет, плакар, биро, електричен шпорет и фрижидер.

## 66. ООЦК Свети Николе - Од срце подарено

Целта на младите е донирање прехранбени производи, училишен прибор, средства за хигиена и половна облека на две повеќечлени социјално загрозени семејства од Свети Николе. Групата младинци најпрво организирале прикажување филм, а потоа и собирна акција. Со средствата што ги собрале купиле прехранбени и хигиенски производи, училишен прибор, па заедно со донираната облека направиле пакети и им ги доделиле на семејствата П. (7 члена) и М. (6 члена).

## 67. ООЦК Свети Николе- Патување меѓу културите

Тимот тргнува од основната тематска премиса-препознавање и осознавање на различна национална културна и верска припадност од најмала детска и училишна возраст. За таа цел, во училиште за деца од петто одделение -Македонци, Турци, Роми, договариле, организирале и реализирале тематска едукативна едукација за значењето на спознавањето на различните нации, вери и култури, со одличен ефект и интерес кај децата. Исто така, преку спонзорство, организирале и реализирале велосипедска трка со учество на различни етнички групи, дружење и забава со видни позитивни ефекти.

## 68. ООЦК Свети Николе - Позелено училиште

Целта на младинците со овој проект била обнова на парк во улилиште, да се направи нова патека (од бекатон плочки), да се обезбедат (купат) три нови дрвени клупи, да се обноват старите три клупи, да се искоси тревата, да се набават стари гуми од автомобили, да се исфарбаат гумите во различни бои, да се насадат цвеќиња во нив и од страната на патеката, да се насадат дрвца, да се поставаат корпи за рециклирање, да се поставаат плакати со еко пораки. Потребните парични средства младинците ги обезбедиле преку собирна акција во училиштето, натпревар во ракомет на којштo се поделени пораки под мотото „Разубави си го денот" и хуманитарна забава.

## 69. ООЦК Свети Николе - Различни ништо помалку

Целта на овој проект биле дружење и инклузија на корисниците на Дневниот центар во Свети Николе. Младинците заедно со корисниците реализирале повеќе активности како што е изработка на хамер на кој цртеле цвеќиња и ги испишале своите имиња, гледање на анимиран филм и учење на животни преку списанија, изработка на Велигденски боенки, дружба со игри и песни.

## 70. ООЦК Свети Николе-Со песна за поубав ден

Младинците имале за цел обезбедување на храна, патики, училишен прибор, кревет, играчки, кујнски прибор за социјално загрозено шестчлено семејство П. од с, Сопот. Семејството е мешано албанско-македонско. Децата преку организирање на хуманитарен концерт и собирна акција успеале да обезбедат околу 18 000 ден со кои им се купени сите потребни нешта и исто така обезбедиле донација на еден кревет.

## 71. ООЦК Гази Баба- Другата страна на приказната

Преку снимање и прикажување едукативни видеа на мрежата Тик ток, младинците ги едуцирале децата за опасностите со кои можат да се сретнат на социјалните мрежи со цел да можат да разликуваат што е безбедно, а што може да има сериозни последици на нивниот/нечиј живот. Младинците најпрво направиле анкета меѓу учениците и професорите во средното училиште "Михајло Пупин" за тоа кои се најголеми проблеми со кои се соочуваат младите, а согледувајќи дека премногу користат Тик ток. Тие снимале 3 едукативни видеа за безбедност на интернет, креирале Тик ток профил за таа намена и ги споделувале видеата на истиот.

## 72. ООЦК Гази Баба - Живот

Целта на младите била да се помогне процесот на собирање на парични средства за младиот Никола којшто боледува од карцином на коски. За таа цел младинците собирале средства преку хуманитарен велигденски базар, се приклучиле на музичкиот настан организиран од локалната самоуправа каде што продавале карти, собрале средства на турнир во с. Црешево и организирале хуманитарна забава од затворен тип за волонтерите на ЦК со наслов „Од срце за Никола„.

## 73. ООЦК Гази Баба - Цвет во лет

Целта на овој тим е разубавување на едно катче од училиштето, но и подигнување на свеста на учениците за важноста на природата и екологијата. Младите засадиле цвеќиња во училишниот двор во стари гуми кои претходно ги исчистиле и обоиле. Поминале квалитетно време заедно и го разубавиле своето училиште.

## 74. ООЦК Валандово - Некому малку, некому може да значи сè

Младите од Валандово како цел си поставиле да помогнат во социјализацијата на децата со посебни потреби. Оваа цел ја оствариле преку одржување на 2 креативни работилници и дружење со децата.Тие поминале одредено време со децата организирајќи креативните работилници преку кои се запознале, дружеле, смееле, и придонеле за социјализирање.

## 75. ООЦК Валандово- помагаме и се дружиме

Целта на овој проект била помош на дете коешто потекнува од семејство со членови кои имаат психичи попречености, и тоа помош во неговото образование за да може да се движи напред заедно со своите врсници, без да биде дискриминиран. Но, исто така си поставиле цел да работат на подигнување на свеста кај останатите ученици, притоа потенцирајќи го фактот за присутноста на вакви маргинализирани личности во нашата средина кои треба да бидат прифатени од нас самите. Исто така подариле ранец со потребни школски материјали за детето.

## 76. ООЦК Валандово - Мали нешта со многу љубов

Младите од оваа група реализирале проекција на филм и врснички едукации на тема етнички конфликти и справување со истите со цел промоција на мир и интеркултура. По завршување на проекцијата, младите направила дискусија и секој слободно го кажувал своето мислење и својот став. На крајот се сложиле дека вакви работилници треба да има почесто.

## 77. ООЦК Кочани - Детелинки

Целта на овој проект е рушење на предрасуди и доближување на различните култури, религии, националности и сл. Младинците за оваа цел реализирале различни активности како: делење на пораки со позитивни и поучни мисли, работилница со претходно подготвени теми за различни култури, штанд со традиционална храна, музика и ора од различни националности, дружба -гледање на филм, еколошка акција за чистење на парк,  запознавање на најмладите во градинки со Црвен крст. По повод велигденските празници, младинците бојадисувале и украсувале јајца и поставиле штанд на кој граѓаните се освежувале со лимонада и боровница, учеле основни реченици на турски јазик, ги посетиле дечињата во Центарот за едукација и интелектуален развој „Кликер“ каде што се дружеле и реализирале квиз за проверка на нивното познавање на англискиот јазик. За крај на поставената цел, младинците поделиле кроасани низ градот и со помош на искусни уметници исцртале мурал наречен „Каде што љубовта нема граници“.

## 78. ООЦК Кочани - Животинките од ПХВ

Тимот се одлучува и успева да формира детско катче за креација и забава, за децата кои поради болест престојуваат во болницата во Кочани. Младите организирале бројни активности за собирање на финасиски средства и користат донации за реализација на својата цел: поставување штанд за продавање на украсни изработки, штанд за продавање на донирани пијалоци и слатки и храна, штанд на пазар, фудбалски хуманитарен натпревар, при што се собрани парични средства за уредување на детското катче. Младите сами се ангажирале за чистење, цртање и боење на ѕидните површини на одредениот простор за детско катче. Обезбеден бил и потребниот инвентар, боици, моливи, фломастери, боенки, маси, столчиња, плакари за задоволување на просторните идејни и целни потреби.

## 79. ООЦК Кочани - Роза со трн

Тимот имал за цел да обезбеди храна и хигиенски пакети на 63 годишен човек кој живее од социјална помош и нема доволно средства да обезбеди неопходни услови за живот. Тимот одлучил да организира активности за прибирање на средства: најпрво самите правеле мартинки кои ги продавале, а потоа и фудбалски натпревар во училиштето. Со собраните средства, обезбедиле 1 пакет храна, 1 пакет со хигиенски производи и пакет со пијалоци.

## 80. ООЦК Кочани - Заедно сме посилни

Младинците од Кочани одлучиле оваа година да помогнат на едно социјално загрозено семејство преку задоволување на нивните најголеми потреби -поставување чешма внатре во домот, функционална wc школка, хигиенски средства, теписони, правосмукалка и исто така самите вршеле избелување на внатрешноста на куќата. Потребните материјални средства младинците ги обезбедиле преку организирање на ликовен конкурс во основните училишта со слободна тема и штанд за 1 Април на којшто изработиле и продавале посни слатки, а исто така обезбедиле и донации со вкупни финансиски средства 15 228 ден.

## 81. ООЦК Делчево - Мали наследници на Калимеро

Младинците најпрво организирале хуманитарен фудбалски натпревар, креативна работилница со деца од градинка за изработка на кутии за собирни акции, потоа организирале хуманитарен ден со друштвени игри за деца од основно училиште, а на крај настан каде во живо познати сликари цртале дела, а потоа се продавале. Од сите акивности собрале 33 450 денари. Со истите купиле плакар, биро, табуретка (за детската соба), потоа шпорет, додатоци за во кујна и тоалет, средства за хигиена и други намирници за основно функционирање на семејството. Исто така од донација набавиле: кревети, тепих, маса, софа, плакар, облека, училишни ранци, постелнина, ќебиња и сл. Со тоа успеале да опремат голем дел од станот што семејството го добило на користење со плаќање минимална кирија. Исто така посредувале за вработување на таткото, кој бил невработено лице.

## 82. ООЦК Делчево - Мали чекори кон надежта

Младинците си поставиле цел да помогнат на четиричлено семејство во социјален ризик, составено од родителите и двете деца Т. – 12 години кој е во инвалидска количка и А. – 8 години, дете со попреченост во психолошкиот развој. После истражувањата, утврдуваат дека семејството има потреба да се реновира тоалетот како и табуретки. За да ги соберат потребните средства, младинците организирале собирна акција, продажбата на домашни слатки, лимонада и пуканки, потоа хуманитарен фудбалски турнир, продажба на рачно изработени алки, забавни игри и најпопуларното помеѓу децата – продажбата на шеќерни јаболка. Младинците ги купиле потребните санитарии и обезбедиле мајстори, кои исто во духот на ПХВ ги поделиле средствата, односно пола од парите за работна рака ги подариле на семејството. Додека траел проектот, младинците му приредиле и роденденско изненадување на едно од децата.

## 83. ООЦК Делчево - Надежта е во наши раце

Целта на овој проект е обновување на детската соба на 4 малолетни деца од седумчлено семејство во Македонска Каменица. Младите ПХВ волонтери организирале проекција на филмови и турнир во фудбал за да обезбедат кревет, плакар, монтажна сушара и џогер. Преку донација, успеале за семејството да обезбедат тепих, облека, храна, хигиенски производи  и играчки.

## 84. ООЦК Делчево - Различни а сепак исти

Целта на овој проект е дружење и инклузија на корисниците од Дневниот центар во Делчево, каде што престојуваат 4 лица. За таа цел, младинците изработувале украсни магнети, картички/честитки со пораки за Велигден и Бајрам, бојадисувале велигденски јајца, организирале велигденски базар. Исто така реализирале кафе дружба и пазарување со финансии обезбедени како донација, готвење на чоколадни слатки, изработка на украсни свеќи, играње на друштвени игри, редење на сложувалка. За крај, корисниците на Дневниот центар ги посетиле просториите на ООЦК Делчево каде што им се претставени реквизитите за Прва помош.

## 85. ООЦК Охрид - Ѕвездички на културата

Целта на оваа група е намалување на дискриминацијата и поттикнување соживот преку работа со 23 деца од различни етнички групи од 5 различни училишта преку одржување на: Работилница за запознавање и дисеминација; Работилница за градење на тимски дух; Работилница за спречување на дискриминација; Три работилници за учење на ора и припреми за финален настан; Три работилници за подготовка на зборник; Едукативна екскурзија во стариот дел на градот Охрид; Интеркултурен ручек; Интеркултурна вечер. Тимот е составен од средношколци кои постојано работат со учениците. Како финален производ, освен одлично поминатото време и научени многу работи едни за други, тимот успеал да изготви зборник – речник на македонски, турски и албански, кој ќе го предложат како дополнителна алатка во наставата.

## 86. ООЦК Охрид - Насмевки

Целта на младите било обезбедување доволно финансиски средства (30 000 денари) за реновирање и реконструкција на дел од куќата на семејството Николоски од с.Орман, Охрид, преку организирање и реализирање на повеќе разновидни акции како: креативна работилница за изработка на свеќи и собирање финансиски средства; хуманитарен фудбалски натпревар со екипи од средните и основните училишта; креативна работилница за цртање и дизајнирање на бели чаши за собирање на финансиски средства. Одржани биле два музички настапи (свирки) со млади таленти од Охрид, креирана е онлајн страница за продавање на уметнички дела (слики) од млади таленти на Охрид за собирање финансиски средства; едукативна работилница со 5 од децата за полесно да го совладаат македонскиот литературен јазик во просториите на Црвен крст Охрид; едукативен и забавен пикник со 5 од децата во природа. Овозможен бил систематски преглед на 2 од децата со цел да се провери нивната лоша здравствена состојба, како и 3 очни прегледи за проверка на состојбата. Организирана била и хуманитарна, затворена, забава за волонтери.

## 87. ООЦК Охрид - Оаза на здравјето

Целта на овој проект е било чистење на запуштениот простор во кругот на Општата болница, хортикултурно уредување, како и поставување на клупа и канти за отпадоци. Потребните финансиски средства обезбедени биле преку

организирање на активност со Извиднички центар „Барање на богатство“, 3 проекции на филмови и продажба на рачно изработени торби. Со земја се пополнил просторот меѓу постоечките патеки, поставени се обоени гуми од автомобил и во нив се насадени цвеќиња. Исто така била поставена клупа- половина за седење, а половина со простор за инвалидска количка, и канта за отпадоци обезбедена преку донација.

## 88. ООЦК Охрид - Перфектно различни

Целта на овој проект е да се зголеми степенот на интеграција и вклученост на лицата со посебни потреби во општеството. Избрана била целна група од 23 лица со физичка и ментална попреченост кои се борат секојдневно со стегите на општеството. Направи се истражувањата за проблемите со кои се соочуваат овие лица, но и истражување за нивните потреби. Реализиран бил турнир во фудбал, неколку креативни работилници за изработка на свилени марами, бал на црвен тепих и слични нешта. Со средствата се изработиле две инклузивни клупи кои се поставени пред Црвен крст и пред Општата болница и се санирала сензорска соба, односно е офарбан и поправен дрвен ѕид на истата.

## 89. ООЦК Охрид - Развигорче

Сакајќи да работат на еколошки проект, но истовремено и со деца, младите од Охрид реализирале проект со кој на крајот успеваат да го уредат паркот на локалната градинка, со цел да создадат пријатна и чиста средина за децата. Сметајќи дека најмладите генерации се нашата иднина, тие одржуваат 3 едукативни работилници и 2 креативни работилници во градинката „Развигорче“ на тема екологија. Изработките од работилницата ги продавале на Велигденски базар, а со собраните средства од базарот и дополнителни донации тие го уредуваат пракот на градинката, ја расчистуваат средината од отпадоци, поставуваат канти за селектиран отпад и ја префарбуваат оградата во шарени и топли бои.

## 90. ООЦК Кисела Вода - Заедно до подобра животна средина

Младите од ООЦК Кисела Вода во склоп на еден од нивните ЦКА-ПХВ проекти решаваат да ја подигнат еколошката свест на учениците од ООУ “Лазо Ангеловски”. Тие организирале Велигденски базар во ТЦ Капитол и собираат доволно средства за да купат 7 садници на различни дрва кои ги посадуваат во основното училиште. Покрај тоа организирале неколку работилници за екологија на која учествуваат многу млади од нивното училиште.

## 91. ООЦК Кисела вода - Запознај не

Целта на проектот е запознавање на младите, децата, учениците со суштината и разликите на религиите, традициите, културите (христијанската, православна и муслиманската вера и традиции), со градење можности за запознавање и дружење, посети и уривање на стереотипи и предрасуди на едни кон други. Тимот, по претходна процена се одлучува да оди во посета на ОУ “Мустафа Кемал Ататурк”

во с. Количани, општина Студеничани и таму реализирале две едукативни работилници со теми и презентации од двете религии, култури и традиции и дружење на членовите на тимот и 30 ученици од ова училиште.

## 92. ООЦК Кисела Вода - Мала поддршка, полни срца

Цел на проектот е унапредување на секојдневните креативни активности на околу 30 ученици од Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Кисела Вода, преку реализација на заедничка работилница и донација на материјали за креативни работилници и принтер во боја. Средствата за купење на производите околу 13000 ден биле обезбедени преку продавање на алки во основното училиште „Кирил Пејчиновиќ„ и хуманитарен натпревар по кошарка.

## 93. ООЦК Кисела вода - Шут кон подобар живот

За да се подобрат основите услови за живот на самохрана мајка и нејзините две и пол годишни деца (близнаци), ПХВ младинците обезбедиле техничка опрема (шпорет, телевизор), хранилка, облека и играчки. За да обезбедат финансии, младите побарале донација од локалните бизниси во вид на сокчиња и храна кои ги продавале на штанд во Кисела Вода. Исто така, младите организирале натпревар во фудбал. Изработиле постери, ги известиле училиштата, обезбедиле сала и ги бодреле пријавените екипи со кои заедно го реализирале Шут кон подобар живот.

## 94. ООЦК Центар - Едно среќно семејство

Целта на младите од оваа група е да му се помогне на 6 годишно дете со психички проблеми, од 4 члено семејство со самохрана мајка (која не може да работи поради него) и тоа делумно во неговиот социјален живот, помош и поддршка на мајката, а исто така собирање доволно средства за да може да се помогне во реализација на анализата која треба да ја направи детето за конечно да добие конкретна дијагноза. Младинците најпрво биле со детето во игротека каде се забавувале. Издејствувале 4 пати месечно бесплатна посета во игротеката Play во Тафталиџе, во неограничено време. Исто така го однеле и на настан во Градски парк, каде се вклучиле во креативни работилници. Младите се договориле и со лаб. Synlab да му се овозможи на детето вршење на анализа за тешки метали со која би можело да се дијагностицира проблемот со кој се соочува.

## 95. ООЦК Центар - Еко училница

Целта на овој проект била адаптирање на просторот во задниот дел од дворот на школо во кој ќе може да се одржуваат часови или други наставни или вонаставни активности. После спроведени истражувања, младинците одлучуваат тие самите да се корисници на проектот – т.е. учениците од „Св. Кирил и Методиј". Тие собрале рециклирачки материјали, изработиле постер за донации на материјали (палети, макари, метални буриња и сл.). Успеале да соберат 10 палети, донација

на 6 котури и волонтер-родител за изработка на клупи. За обезбедување на парични средства за материјали и соодветен алат, волонтерите организирале “Талент Шоу” преку кое собираат 7 570 денари.

## 96. ООЦК Центар- ѕвездички

Главна цел на овие младинци им е да ги подобрат условите за живот на семејство со 12 члена, да им овозможат пристоен живот, да им го подобрат и олеснат секојдневието. Помошта за децата била насочена на полето едукација и да им овозможат забава и рекреација. Преку собирни акции, изработка и продавање на оригами и мартинки, како и со помош на донации, овозможиле набавка на покуќнина, облека, храна и прошетка за најмладите во Зоолошка градина. Исто така, младинците пружале помош во совладување на училишните задачи и дружба со играње на кошарка и прошетка во Градскиот парк.

## 97. ООЦК Центар - Ја носиме пролетта на Детска хирургија

Целта на овој проект е да се олесни престојот на децата пациенти и нивните родители во Детската клиника-одделението за детска хирургија. Младите обезбедиле 20 шарени чаршафи за детски кревети и 30 шарени чаршафи за кревет за возрасни, како и еден инхалатор. За да обезбедат средства, младите добиле донација кесички Цедевита кои ги продавале. Исто така обезбедиле донација од чоколадни бомбони кои заедно со рачно изработените картички со позитивна порака, ги продавале. Покрај обезбедените чаршафи и апарат, ПХВ волонтерите, кои се ученици во Медицинското училиште, ги посетиле дечињата пациенти и заедно боеле боенки.

## 98. ООЦК Центар - Хоризонт без предрасуди

Целта на овој проект било дружење и социјализација со децата од Специјалното училиште за рехабилитација С.Наум Охридски. Групата која работела со нив организирала креативна работилница за изработка на маски, кулинарска работилница, работилница за оригами, работилница за спелеологија како и посета на пештера во село Рашче. Вкупно 30 ученици и нивните родители биле дел од овој проект кој траел еден месец.

## 99. ООЦК Куманово - EEC kabineti i gjuhës angleze ( кабинетот на англиски јазик)

Целта на проектот било чистење, реновирање и целосно опремување на кабинетот за Англиски јазик во основното училиште “Бајрам Шабани”. Од страна на самите младинци целосно е исчистен кабинетот, а потоа се направени собирни акции со кои се купени материјали и обезбедена работна рака за кречење на целиот кабинет. Исто така е редизајниран кабинетот со помош на архитект со кој разговарале младинците. Обезбедени се маси и столици од компанијата Уникондор, донација со вредност од 93 000 денари Обезбедени биле: врата, материјал за кречење, електро-инсталатерски работи, столици, маси, смарт табла, разна опрема за кабинетот, прожектор, лап топ.

### 100. ООЦК Куманово Ndritje - (Светлина)

Целта на проектот е собирање и донирање на книги од научен и литературен аспект за училиштата во Куманово. Книгите се донирани од Макс Ван Дер Штул библиотеката од УЈИЕ – Тетово. Собрани се вкупно 110 романи и 126 универзитетски-академски наслови. Книгите биле на повеќе јазици како англиски, албански, македонски. Младинците сами патувале до Тетово каде се состанувале со претставници на Универзитетската библиотека и ги предале книгите во Куманово во основните училишта "Толи Зордумис", "Бајрам Шабани" и средното училиште "Перо Наков".

### 101. ООЦК Куманово - Rrjedhje e ngjyrave, autizmi (Аутизам)

Целта на проектот е споделување на информации за аутизмот (во соработка со дефектолог) за сите младинци вклучени во проектот како и социјализација со деца со аутизам. Реализирани биле 10 работилници за младинците од ПХВ во врска со повеќе аспекти од оваа тема, а потоа заедно со 10 деца со аутизам е реализирана креативна работилница на Плоштад, каде младинците се дружеле со нив и цртале. Активноста е реализирана на 2 април - Светскиот ден на лицата со аутизам.

### 102. ООЦК Куманово - The harp

Во рамките на проектот била организирана театарска претстава од страна на младинците, а потоа истата е била изведена пред учениците од Основното училиште "Бајрам Шабани" и "Толи Дзордумис". Младите се погрижиле за целокупната реализација како логистика, сценографија, ангажирање на костимограф, актери, режисери итн.

### 103. ООЦК Куманово - Град во бои на среќа

Младинците имале повеќе идеи, цели, активности кои ги реализирале. Најпрво го уредиле дворот во ООУ „Магдалена Антова", односно ги обоиле оградата и клупите, исцртале друштвени игри за првачињата. Потоа за Велигден на едно 7 члено семејство му донирале пакет храна и пакетчиња за децата со слатки и велигденски украси. Организирале велигденски настан на кој делеле украси и лижавчиња, на Кејот исцртале велосипедска патека со испишани мотивациски пораки за велосипедистите, имале еко акција за расчистување на кејот, пишувале пораки и стихови од песни од познати македонски пејачи низ градот. На крај имале завршна забава, а и нацртале „Срце на среќата" каде младите можат да се сликаат. За сите овие активности имале поддршка од неколку локални фирми, од каде добиле вкупно 6.000 денари и донација во храна, материјали од книжара и бои и лакови.

### 104. ООЦК Куманово - Не морам да те слушнам за да те разберам

Во овој несекојдневен проект, група на ПХВ млади изучувала знаковен јазик за да бидат позитивен пример во својата заедница во дружење и социјализација на

лицата со оштетен вид. Организирала десетина работилници за изучување на знаковниот јазик и на крај снимиле промотивно видео кое се промовирало пред младите на ЦК, стручната служба и нивните родители. Во својот проект вклучиле и лице со оштетен вид, инаку волонтер во клубот, како и здружението на лица со оштетен слух. Во иднина ќе продолжат да комуницираат и соработуваат со истите.

### 105. ООЦК Куманово - Продолжи нечиј живот

Цел на проектот била обезбедување на парични средства за лекување на две девојчиња, едното 19 години, боледува од церебрална парализа и се лекува во Русија, другото девојче има 9 години, боледува од леукемија и се лекува во Турција. Финансиските средства за помош на нивното лекување биле обезбедени преку организирање на хуманитарен концерт, турнир во фудбал и собирни акции. Поделени се еднакво на половина, по 27,000 денари на двете девојчиња.

### 106. ООЦК Куманово - Пролетта цути за сите без разлика на годините

Во Куманово, младите решиле да помогнат на старите лица кои престојуваат во Домот за стари лица "Зафир Сајто". Направиле истражување за нивните потреби заедно со вработените, но и со станарите во домот и веднаш тргнале во акција. Тие организирале повеќе од 12 дружби со станарите на домот, на кои фарбале јајца за Велигден, играле куглање, шах, оро и многу други различни активности со кои сѐ повеќе и повеќе се запознавале и им го раздвижувале нивното еднолично секојдневие. Дополнително, тие организирале прошетка до локалниот музеј, но организирале и посебна приредба за нив со музички и танцови изведби во локалниот Дом на културата.

### 107. ООЦК Куманово - Топол дом за мирен сон

Тимот одлучил да помогне на семејство за кое знаеле дека има финансиски потешкотии, а во меѓувреме им се запалила куќата и било уништено и тоа малку што го имале. Организирале хуманитарен танцов натпревар на кој учествувале танцови клубови од Куманово и поетско читање. Дополнително побарале донации од локални компании. За семејството успеале да купат машина за перење алишта, детски кревет со душек, постелнина и јастук, велосипед, пижами, тренерки и бадемантил.

### 108. ООЦК Куманово - Едно исто сонце грее за сите

Целта на проектот било реализирање на низа интеркултурни активности на младинците од мешани етнички групи, со организирање на јавни настани преку кои се труделе да промовираат култура на дијалог, интеркултура, различни вредности од верските празници, традиции како оро итн. Организирани се неколку активности: заедничка прошетка на џамија и црква во градот и разговор со претставници, креативна работилница за изработка на јајца за Велигден, настан со

албански, македонски и српски играорни друштва кој е одржан во училиште, креативна работилница за дисеминација на традициите околу Рамазан Бајрам, креативна работилница за изработка на нараквици, работилница за изготвување на традиционални јадења, заедничко дружење и кино ден.

### 109. ООЦК Крива Паланка - Живот

Каков пример даваме, така младите учат, а овој пат една хумана емисија ги поттикнала младите од Крива Паланка да помогне на петчлено социјално загрозено семејство. Тие се мобилизирале и организирале Велигденски базар во центарот на градот, со поддршка на нивното училиште. Со собраните средства обезбедиле постелнина и јастучници за децата, и храна за целото семејство.

### 110. ООЦК Крива Паланка - насмевка под маски

Соученици на девојче како дел од ПХВ проектот, знаејќи дека нејзиното семејство е во многу лоша финансиска состојба и знаејќи дека девојката престојува во интернат поради лоши услови за живот во нејзиното семејство, сакаат и успеваат да и овозможат дводневна екскурзија која ја организирало нивното училиште. Парите ги собирале преку изработка и продавање на првоаприлски маски. Овие младинци успеале да поттикнат, охрабрат и мотивираат 16 годишно девојче за понатамошни успеси во нејзиниот живот.

### 111. ООЦК Крива Паланка - Обнова

Овој еколошки проект имал за цел да ја разбуди свеста за чиста околина кај граѓаните во Крива Паланка, посебно кај децата кои до училиште одат по патот покрај реката. Младите најпрво направиле проценка на теренот покрај реката и од истражувањето заклучиле дека има многу ѓубре кое треба да се исчисти. Собраното ѓубре го селектирале и од дел направиле инсталации кои ги поставиле во дворот на училиштето. Исто така, младите ПХВ волонтери стапиле во контакт со шумското претпријатие од кое добиле ветување дека ќе продолжат да го одржуваат делот каде младите исчистиле.

### 112. ООЦК Кичево - Ekspozita ( Изложба )

Целта на овој проект била да се промовира културата како систем од вредности преку изложба каде младинците ќе се изразат слободно и заеднички преку уметничкиот јазик, без разлика на нивната етничка припадност и нивниот мајчин јазик- македонски, албански или турски. На интеркултурната изложба која била одржана во културниот центар “Кочо Рацин” се изложиле слики од талентираните ученици од училиштето “Мирко Милески”, кои истовремено се продавале, а средствата понатаму биле донирани.

### 113. ООЦК Кичево - Pallati 176

Младинците имале за цел да помогнат на трочленото семејство (самохрана мајка

со 2 деца) кои живеат во супстандардни услови. За да ги обезбедат потребните средства тие организирале претстава “Палата 176”, подготвиле карти и постери за промоција. Тие обезбедиле кревет за возрасен, кревет за две деца, прехранбени и хигиенски производи

## 114. ООЦК Кичево - Bashkëpunimi çelës i ndihmave (Соработка за помош на луѓето кои имаат потреба)

Младинците имале за цел да помогнат на четиричленото семејство В. составено од самохрана мајка со три деца од кои едно со посебни потреби, кои живеат во тешки социо-економски услови. Тие имале потреба од шпорет за да може мајката да им обезбеди топол оброк на децата. За да ги обезбедат средствата, волонтерите готвеле храна која потоа ја продавале и на тој начин купиле шпорет во вредност од 7.000 денари, прехранбени производи во вредност од 1.500 денари и хигиенски производи во вредност од 1.500 денари.

## 115. ООЦК Кавадарци - Во лабораторија со насмевка

Целта на младинците била набавка на медицински апарат Rafia System by STK, за потребите на лабораторијата на Општа Болница Кавадарци. Волонтерите организирале средба во ЈЗУ Општа Болница Кавадарци со др. М. која потврдила дека со апаратот ќе се намалат траумите од земање крв на мали деца, па наместо од вена, крв ќе се зема во мала количина односно една капка од прстот, а резулататите ќе бидат брзи и ефикасни.  Волонтерите организирале турнир во фудбал за кој се наплаќале влезници, а учествувале ученици од шесто до деветто одделение. Победниците на турнирот биле наградни со ЦКА-ПХВ маички. Потоа младинците организирале и хуманитарна акција и испратиле писма за донации до локални фирми.

## 116. ООЦК Кавадарци - Даруда

Преку овој проект младите имале за цел да му помогнат на шестчлено семејство. Таткото боледува од астма и е на кислородна поддршка и заради тоа не може да работи, а за жал, мајката ги остава трите деца. Тие живеат со своите баба и дедо, но едно од децата има и спектарен аутизам. Групата реализирала неколку активности преку кои собираат 15.600 денари за да им обезбедат фрижидер како основно средство во куќата, но и за чување на лекови на таткото. Исто така на децата им е купен и тостер за да може да подготвуваат појадок. Реализирани биле и неколку работилници со деца со посебни потреби, во просториите каде учи и најмалото дете со аутизам.

## 117. ООЦК Кавадарци - Другарство

Целта на овој проект била помош на трочлено семејство, самохран татко со две мали дечиња, од кои девојчето боледува од тумор на главата за што прима редовно хемотерапија. По утврдување на лоша финансиска состојба во семејството, младинците организирале турнир во фудбал и игри за мали дечиња „Игри без

граници“, преку кои обезбедиле финансии за да им ја ублажат нивната болка и трошоците кои ги имаат за медицинска терапија.

## 118. ООЦК Кавадарци - Еко хум паркинг

Поднесувајќи иницијатива во општина Кавадарци, младите добиле поддршка да се обележат 2 паркинг места со црвена боја за хуманитарни цели и 2 паркинг места со зелена боја за еколошки цели. Секое паркинг место си има своја цел и своја сметка со посебна намена. Паричните средства собрани од хуманитарниот паркинг одат за хуманитарни цели и се менаџирани од страна на ООЦК Кавадарци, додека паричните средства собрани од еколошкиот паркинг одат за еколошки цели. Одлуката за трошење на средствата се носи на секој 3-4 месеца на седница на совет на Град Кавадарци. По само 9 дена од поставување на паркинг местата, успешно се собирале 4.560 денари.

## 119. ООЦК Кавадарци - Заедно сме посилни

Младите одлучиле да организираат активности преку кои ќе поттикнат меѓуетничка интеракција, односно вклучување на ромското население во заедницата и размена на традиции, обичаи и култури со заеднички настапи и планирање. Тимот контактирал со учениците Роми, се усогласуваат и организирале 4 работилници: суштината на Велигден и фарбање велигденски јајца и запознавање со празникот Рамазан Бајрам; со ученици од 1одд. боење и цртање на верски мотиви, различни култури, обичаи и традиции и разговор за зедништво; заедничко пеење на песните „Македонско девојче„ и „Едерлези„. Постигнати се позитивни ефекти, дружење и договор за натамошни заеднички активности и настапи.

## 120. ООЦК Кавадарци - Капка Крв

Младинците одлучиле нивна цел да биде обезбедување на потребен апарат за лабараторијата на ЈЗУ Општа болница Кавадарци. За постигнување на целта организирале низа настани како првоаприлски пазари за продажба на маски, велигденски пазари за продажба на украси, детски забавни игри, турнир во мал фудбал преку кои собрале околу 19 000 ден за обезбедување на аванс за нарачка на апаратот. Бидејќи овој апарат е многу скап (106.200 денари) тие планираат до крајот на годината да продолжат со хуманитарни акции за да ја соберат потребната сума, а исто така обезбедиле поддршка од многу институции коишто ќе им помогнат во остварување на целта.

## 121. ООЦК Кавадарци - Разубавување

Разубавување и раззеленување на паркчето во близина на спортска сала и во близина на ООЦК била цел на овој проект. Преку собирни акции и фудбалски турнир младите успеале да обезбедат доволно финансиски средства за купување на 20 растенија за уредување на паркот во градот, за што најнапред се консултирале со градоначалникот и ЈП Комуналец.

## 122. ООЦК Пробиштип - Еко свест еко свет

Младите од проектот Еко-Свест одлучуваат да работат еколошки проект. Организирале 6 работилници за 250 ученици од 6-то до 9-то одделение од две основни училишта во Пробиштип. Потоа подготвиле еколошки натпревар во собирање на пластични шишиња за рециклирање помеѓу 32 одделенија и со оваа активност опфатиле вкупно 400 ученици. По завршување на натпреварот тие тргнале во целодневна акција на пренесување на пластични шишиња до фирмата која ги рециклира и пребројување на шишињата - собрани 70 кг пластика. Парите добиени од откупот на пластиката тие ги употребиле за купување 15 садници бор кои ги засадиле во новиот парк на улица „Нада Михајлова".

## 123. ООЦК Пробиштип - Подај рака и скрати нечија мака

Целта на младите било обезбедување финасиски средства за набавка на медицински респираторен апарат за 62 годишно лице од Пробиштип, кој има тежок здравствен проблем со дишењето и дишните органи. Тимот соработувал, истражувал, планирал, но и реализирал бројни активности: хуманитарен турнир во одбојка; две креативни и интерактивни работилници за изработка на велигденски украси и јајца; велигденски хепенинг и продавање на украси и јајца; тродневни шест проекции на филм; забава во бар, по што се собрани и донирани средствата за набавка на медицински респираторен апарат.

## 124. ООЦК Пробиштип - Сите сме деца, сите сме исти

Целта на овој проект е намалување на дискриминацијата меѓу деца од Пробиштип од различни етнички групи -конкретно Македонци и Роми, преку одржување на 3 едукативни и креативни работилници и игри во кои се опфатени 20 ученици од основни училишта и 50 деца во градинка. На младите им е пренесена порака дека сите деца се исти.

## 125. ООЦК Пробиштип - Сонце грее и за нашите шепасти пријатели

Во Пробиштип има 20 бездомни кучиња, од кои 7 се во продуктивен период. За да се спречи зголемување на бројот на бездомни кучиња, младите најпрво се информирале, едуцирале и од процената заклучиле дека е потребно да се стерилизираат 7 кучиња. ПХВ младинците во соработка со ветеринарна амбуланта добиле обука на тема "Култура на чување на домашни миленици". ПХВ младинците ја оствариле целта, а средствата ги обезбедиле од хуманитарни донаторски акции. Изработувале хартиени цветови и ги подарувале на жените заедно со приказната за бездомните кучиња, а тие за возраст им донирале финансии. Исто така, волонтерите поставиле штандови за Пробиштипскиот карневал и Велигденскиот базар, на кои продавале рачни изработки.

## 126. ООЦК Карпош - Krimi më i madh është indiferenca ndaj atyre që kan nevojë (Најголемо зло е занемарувањето на тие на кои им треба помош)

Младинците имале за цел да помогнат на петчленото семејство Л. од Скопје кое е во социо-економски ризик. Тие имале потреба од шпорет и тостер за да може родителите да им обезбедат топол оброк на децата, а децата имале потреба и од облека. За да ги обезбедат средствата, волонтерите организирале креативни работилници за изработување приврзоци за клучеви, накит, магнети, украсени стаклени шишиња кои потоа ги продавале на организиран начин преку три собирни акции: две во Градски парк и една во ОУ "Бедри Таири" во село Свиларе. На тој начин обезбедуваат вкупно 11.589 денари со кои купиле шпорет во вредност од 9 999 денари и тостер во вредност од 1 590 денари.

## 127. ООЦК Карпош - Redivivus

Целта на проектот била поттикнување на еколошката свест кај 21 дете од групата „Ѕвездички'' од градинката „Мајски цвет''за заштита на животната средина. Младите обезбедиле донација од 3 големи канти за селектирање отпад и ги подариле на градинката. Со дечињата имале креативна и едукативна работилница на тема екологија.

## 128. ООЦК Карпош - За Јована

Целта на овој проект било обезбедување на велосипед, школски прибор и облека на малата Јована (13 год), воедно и помош на нејзината мајка. Преку кино проекции се собрани парични средства за купување на велосипед, но кога истиот го добиле како донација, младинците парите ги искористиле за пазарење заедно со малата Јована и поминат прекрасен ден со дружба и обезбедување на она што и е најпотребно.

## 129. ООЦК Карпош - Зрак насмевка

Семејството Н. е во социјален ризик и живее во особено неповолни услови, па младите се организирале да им помогнат. Тие организирале една собирна акција за храна и хигиенски артикли, по што ги донирале собраните продукти на семејството. Покрај тоа, организирале работилница на која изработувале рачни изработки од пластични елементи и истите ги продавале на неколку собирни акции. Со собраните средства купени се електрично решо и тостер за семејството.

## 130. ООЦК Карпош - Сонот на поетеса

Овој тим на млади лица ја поддржале младата поетеса, лице со церебрална парализа која веќе има издадено една книга, но има и напишано роман за кој немала доволно пари за печатење. Младите организирале турнир во кошарка и фудбал и собрале 34.600 денари кои ги уплатите за печатење на книгата. Станува збор за автобиографска книга, а постои и договор со издавачката книга, дека половина од продажбата ќе биде наменета токму за неа.

## 131. ООЦК Карпош - Нови пријателства

Тимот организирал и спровел две анкети со прашања за/од познавање на православната и муслиманската религија, македонската, албанската и други различни култури и традиции со цел истражување и добивање на позитивен одзив за вклучување. За обезбедување на потребната сума пари, организирана била филмска проекција во СУГС "Орце Николов" и две собирни акции. Реализирани се заеднички активности на учесниците, учениците од различна националност, религија и култура: посета на Старата скопска чаршија и дружење; посета на џамијата „Мурат Паша„; посета на црквата „Свети Спас„; зеднички пикник во паркот во Скопје со храна, пијалоци, музика, игра и заедничко дружење и забава; изработен бил и постер со фотографии од активностите, врамен и поставено во трите училишта и објектот на ЦК Карпош.

## 132. ООЦК Радовиш - Заедно можеме се

Главната цел на овој проект било квалитетно поминато заедничко време преку креативни работилници на темата на проектите: Препознавање на различности. Иако две волонтерки, дел од тимот, имале проблеми со превозот од Конче и назад, сепак младинците не се откажале и го спровеле проектот. По повод 22 април -Денот на планетата земја, реализирана била креативна работилница за боење и пишување пораки на ѕидовите во дворот на СОУ „Коста Сусинов" - Радовиш. Потоа младинците изготвиле разговорник за Службата за итна медицина кој е поставен онлајн за да се користи за хуманитарни цели.

## 133. ООЦК Радовиш - Отворена библиотека

Целта на младинците од Радовиш било обезбедување училишен прибор за 20 деца кои имаат потреба како и во центарот на градот да се постави отворена библиотека која би можеле да ја користат сите граѓани љубители на книгата. Тие целта ја оствариле преку делење на анонимни позитивни пораки за ширење на идејата, соработка со директорот на Градската библиотека и со донација на еден стар фрижидер којшто го нམениле за отворена библиотека во којшто секој може да земе за книга читање и секој да донира книга која не му е потребна.

## 134. ООЦК Радовиш - Топли насмевки

Активностите на младите се насочени кон И., кому му помогнале да го подобри читањето и пишувањето и набавиле храна, облека и школски прибор и помагала. Тимот реализирал 12 часа за читање и пишување, а во комуникација со педагог и психолог е утврдено дека има голем напредок. Со изработени ПХВ џуџиња (плетени куклички) и нивно продавање во Радовиш , како и со собирна парична акција во две училишта, "Крсте Петков Мисирков" во Радовиш и "Орце Николов" во с. Калуѓерица, собрани биле финансиски средства и купена облека, обувки, училишен прибор, храна и средства за хигиена, како и пазарење и дружење во Струмица. Тимот ја согледува радоста на детето и заклучиле дека кај него се зголемила самодовербата.

### 135. ООЦК Радовиш- Чист град

Еколошкиот проект на тимот од Радовиш се однесува на уредување на места во градот каде младите би можеле да се собираат. Во соработка со професорката од Еко-клубот и врз основа на анкета спроведена во училиштето, одлучиле да ги исчистат Градскиот парк и паркот во училиштето. Покрај тоа, тие организирале работилница „Нулта отпад" во паркот, квиз на еко-знаења и учествувале во активноста на Клубот на млади – натпревар за креации од стари материјали. Во дворот на училиштето, со помош на повозрасен волонтер засадиле 40 цвеќиња.

### 136. ООЦК Скопје - Заедно градиме мирни мостови

Овој проект имал неколку цели, но примарна е социјализација и полесна интеграција на целната група- 15 лица од Украина со престој во РСМ, од кои 10 деца, преку заеднички дружби и различни активности. Една од целите била запознавање со културата и обичаите во Украина, како и доближување на културата на земјата во која тие моментално престојуваат. Преку проектот и корисниците и младите од Клубот имаа можност да научат нешто повеќе околу традицијата за празникот Велигден во двете држави.

### 137. ООЦК Скопје - подели насмевки, подели радост

Целта на овој проект е социјализација и дружење со 34 деца од Дневниот Центар за деца на улица. Младите организирале кино проекција, а со собраните средства обезбедиле потребни хигиенски продукти за децата за одреден период. Со и за корисниците од Центарот, организирале креативни и едукативни работилници на кои се зборувало за важноста за честото миење на рацете и личната хигиена воопшто.

### 138. ООЦК Скопје - Шепаста дружина

Ученици од средното ветеринарно училиште одлучиле да помогнат на семејство кое води стационар со 100 кучиња преку донирање на храна и чистење на стационарот. Преку донации собрани во училиштето, обезбедиле 120 кг храна за кучиња и 9 пати биле во стационарот каде помогнале во неговото чистењето. За донациите, изготвиле картички кои ги давале на лицата кои донирале.

### 139. ООЦК Битола - За топол дом

Тимот одлучил да му помогне на самохран татко на 4 деца во изградбата на нова куќа, на местото на старата куќа која изгорела во пожар. Учесниците одлучиле да обезбедат колку можат повеќе градежен материјал кој на таткото му е и повеќе од потребен. За таа цел, побарале донации во материјали од градежни компании, а и самите организирале хуманитарен концерт и хуманитарен турнир во кошарка. Дополнително, успеале да обезбедат донираните материјали да се чуваат во складиште до моментот кога ќе бидат потребни на семејството, бидејќи во овој момент куќата е сè уште во градба.

### 140. ООЦК Битола - Започни ја промената

Целта на проектот е помагање на К. Г. и неговото семејство, кој е инвалид во количка, со купување на преносна рампа која е компактна и може да се носи во ранец. Организирани се неколку активности: за Велигден, организирана е креативна работилница за изработка на велигденски украси, и изработка на сликовници од страна на младинците, организирано е Кино на отворено, но откажано поради временски неприлики, велигденски базар, каде се продадени сликовниците и велигденските украси, донација од фирмата Рајно Сервисес, хуманитарна забава со диџеј; Вкупно се собрани 12 400 денари со кои е купена рампата и е поклонета на корисникот.

### 141. ООЦК Битола - Зелен амфитеатар

Уредување на просторот „Студентски парк" во склоп на Универзитетот Св „Климент Охридски" – Битола, односно чистење од отпад, садење садници и поставување клупи била цел на оваа група млади. Младинците барале катче кои ќе го уредат, и во соработка со Комуналец, Нискоградба и Универзиетот организирале работна еколошка акција, го исчистиле просторот, засадиле цвеќиња и неколку дрвца, поставиле и обоиле клупи. Со тоа го исчистиле и оплемениле просторот кој го користат студентите, професорите, но и сите жители на Битола.

### 142. ООЦК Битола - Лулка

Младите од овој проект имале за цел да ги промовираат културите на луѓето кои живееат во нивниот град. Тие реализирале првоаприлска забава преку која собрале средства за промоција на книга која содржи повеќе од 40 рецепти на јадења од македонска, албанска, влашка, турска кујна. Претходно ги избрале рецептите, направиле корица и ја споиле во вид на книга која ја промовирале на плоштадот на нивниот град. Минувачите,покрај промоција на книгата, можеле да ја дегустираат храната и да научат нешто и за народните носии.

### 143. ООЦК Демир Хисар - Безгрижна игра

Групата младинци преку соработка со директорката и колективот од градинката „2 Септември"од Демир Хисар, успеале да направат велигденски украси и да организираат хуманитарен велигденски базар на кој собрале 4.500 ден. Потоа во соработка и поддршка со општина Демир Хисар , ПШС Бигла Демир Хисар и други градежни фирми, набавиле материјали и изработка на спортстки реквизити од дрво во дворот на градинката која ја посетуваат 80 дечиња. Со нивна работна акција, сечење, фарбање, уредување во дворот од градинката, тие успеале да направат спортски реквизити за развој на физички, моторички и ментални способности за движење по права линија, одржување рамнотежа и баланс при движење, скок од место со рамнотежен доскок, концентрација при скокање, развивање на тимски дух при екипна игра, како и пиедестал за медали и чувство на победничка атмосфера.

## 144. ООЦК Демир Хисар - Полуматуранти

Целта на овој проект било да се поставаат 8 нови клупи за седење во дворот на училиштето Гоце Делчев, околу бистата на Гоце Делчев, и да се обноват веќе постоечките. За да одлучат какви клупи да изработат и каде да ги поставаат, младите се консултирале со Локалната самоуправа, ЈКП Комуналец, професор од шумарската струка и раководството на училиштето. За обезбедување на финансиските средства за оплеменување на паркот, младите организирале 2 настани. Првиот е турнир во одбојка помеѓу основните и средните училишта во Демир Хисар. Вториот настан е Хуманитарен настан- концерт во Домот на култура, со учество на ученици од ООУ " Даме Груев" од Смилево и ООУ " Гоце Делчев" од Демир Хисар и децата од најголемата група од детската градинка " 2-ри Септември". На концертот учествувале и станд-ап млади комичари и се собрале 9.850 ден со кои младите обезбедиле поставување на 8 клупи.

## 145. ООЦК Демир Хисар - Празници

Меѓусебно запознавање на младите со културните и верски обичаи на Албанците и Македонците за време на празниците Бајрам и Велигден била целта на проектот. Имале заеднички посети на црква и џамија каде учеле за двете култури. Младите поминале корисно и квалитетно време заедно, меѓусебно се запознале и изработиле заеднички мурал кој ќе ги потсетува на пријателсво и меѓусебното дружење. Муралот бил изработен во училиштето.

## 146. ООЦК Демир Хисар - Теодора

Тимот одлучил да помогне на семејство кое се наоѓа во многу лоша состојба. Бидејќи клучната цел била да се помогне на девојчето во семејството (единствено дете), тие зборувале со неа за да утврдат што им е потребно. Таа побарала училишен прибор, велосипед и едно розево фустанче за Велигден. Таа им споделила дека многу сака да игра ора, поради што во нејзиниот двор две членки на тимот кои се играорки ја учеле да игра. Младите организирале хуманитарен турнир во пинг-понг, а дополнително, во договор со основното училиште, организирале ден на солидарноста, каде децата требало да донираат своја облека, од што успеале да соберат три пакети облека која сами ја сортирале. Успеале да договорат и девојчето цела година да добива бесплатна ужинка од локална пекара.

## 147. ООЦК Неготино - Едно сонце сите не грее

Младите од Неготино, своето време оваа пролет го посветија да го разубават и да се запознаат со животот на 10 млади ромчиња од село Криволак. Пред да започнат тие се запознале со нивните родители и им објасниле дека нивната цел е да се запознаат со нивната култура и да им овозможат на децата активности кои ќе го разубават нивното секојдневие. По завршување со средбата со родители тие веднаш почнале со организирање и реализирање на игри како „Бинго", боење, гледање на цртан филм, креативна работилница и слично. Покрај тоа, со цел младинци подобро да се запознаат со животот на дечињата, огранизирале прошетка низ нивното село и мини ручек со традиционални јадења од децата и младинците, активност која завршила со учење на орото на децата од с. Криволак.

## 148. ООЦК Неготино - Меморија

Целта на овој проект била промена на дневната рутина на лицата кои престојуваат во центарот Порака. Младите имале неколку работилници преку кои се дружеле со целата група и ги запознавале со нови, поучни нешта. Организирана била креативна работилница, но и земјоделска работилница, односно заедно поминале квалитетно време во садење и одгледување на зеленчук. Две работилници биле посветени за учење на бројки и букви со лицата од Дневниот центар.

## 149. ООЦК Неготино - Нега

Младите одлучуваат да помогнат на семејство во социјален ризик. Дел од активностите биле чистење и реновирање на простории во стара куќа во рурална средина во с. Курија, на семејство со мајка на возраст од 70 години и син со тешки психо-соматски проблеми, со мала социјална помош и без вклучување и соодветна помош на брат и негова сопруга кои не живеат во заедница, туку во друг дел на малата и трошна куќа. Тимот преку организирање и реализација на: хуманитарен концерт; турнир во пинг-понг; турнир во кошарка и собирна акција обезбедил финансиски средства и набавуваат потребен материјал за куќата. Реализираат целосно чистење и собирање и транспорт и складирање на отпад, реновирање на простриии со вградување на нов прозорец, бетонирање на простории, мачкање на ѕидови, кревет за старата мајка и основни услови за синот со посебни потреби.

## 150. ООЦК Неготино - Ново сонце за сите нас

Тимот во својот еколошки проект одлучил да го направи Неготино попристапно за лицата во количка. Учениците одлучуваат да постават инклузивни клупи во паркот. За да обезбедат парични средства, членовите на тимот организираат повеќе активности со кои го раздвижуваат својот град: турнир во фудбал, турнир во одбојка и турнир во шах. Турнирот во шах го организираат во соработка со локалниот шаховски клуб, а со цел во проектот да ги вклучат и постарите лица од градот. Успеале да обезбедат и дипломи и благодарници. На крајот, успеале да соберат средства за изработка на 3 инклузивни клупи, кои се поставени во паркот.

## 151. ООЦК Неготино - Пронајдени насмевки

Групата младинци најпрво во соработка со ООУ „Страшо Пинџур од Неготино организирала ликовна изложба која била успешна и наплаќала влез по 50 денари, па собрале 4 559 денари. Потоа направиле креативна работилница за изготвување рачни алки кои ги продавале и собрале вкупно 942 денари. Организирале театар со ученици кој бил посетен и собрале 11 244 денари. На крај во игротека, во термин кој го добиле бесплатно, организирале игри без граници за најмалите и собрале 3285 денари. Со собраните средства тие купиле: плакар, тепих, маса, храна и средства за хигиена, облека и школски прибор кои ги донирале на муслиманското семејство Синанови од село Криволак, неготинско кое брои 6 члена (4 малолетни деца) и се социјално загрозени. Со тоа ги подобриле нивните услови за живот.



www.ckgs.org.mk